


ЕДОГОДИШНА СЕРТИФИКАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

# Certification for Corporate Governance & Compliance

Програмата се одвива врз база на серија предавања од областа на корпоративното управување (corporate governance) со презентација на најновата стручната литература во овој дел и објаснување на барањата на постојната правната регулатива. Потоа презентација на практични прашања и работа на случаи/проблеми кои се значајни за разбирање на правилата на доброто корпоративно упраување. Притоа ниеден од модулите не е поврзан еден со друг, ниту е задолжително еден слушател да ги слуша сите модули. Секој од слушателите може да бира кој модул ќе го посетува или дали ќе ги слуша сите модули заедно.

Фокус на финансиските институции и тоа пред сè на депозитните финансиски институции (банките и штедилниците), како и на недопозитните финансиски институции (пред сè на финансиските друштва и друштвата за осигурување).

## НА КРАЈОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ДОБИВАТЕ:

- **32 бодови / ECVET** - European Credit points for Vocational Education and Training (Европски кредит поени за стручно образование и наука или КПУ - континуирано професионално усовршување бодови) согласно Европската рамка за квалификации на годишно ниво;
- **Специјалистички сертификат** - Диплома за завршено неформално стручно образование согласно European Quality Assurance for Vocational Education and Training (EQAVET) – Обезбедување Европски квалитет за стручно образование и наука.
- **Можност за трансферни ЕКТС (кредити)** на формални образовни установи.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

**Level 1 |**

Модулот 1 ќе ги опфаќа основните постулати на корпоративно управување во трговските друштва (работа на органите на друштвото, права на акционери/содружници, зделка со заинтересирана страна, менаџерски договори, статутот и договорот за основање на друштвото, објавување на финансиски податоци и изработка на финансиските извештаи) значајни прашања за секое трговско друштво особено за големо акционерско друштво и друштво со ограничена одговорност вклучувајќи ги и компаниите кои даваат мобилни и телекомуникациски услуги и решенија, како и поголемите фарматцевси компании).

| CCG&C 1 - Certified Corporate Governance & Compliance , Level 1 | |
|---|---|
| | **опис на час** |
| 1 | **Вовед во корпоративното управување (Corporate Governance)** – поим, дефиниции, придобивки и трошок |
| 2 | **Правна и институционална рамка на корпоративното управување споредбено и во Македонија (финансиски сектор vs. други индустрии)** |
| 3 | **Интерни акти и документи на друштвото**<br>• Договор за друштвото, односно Статут на друштвото (The Company's Statute)<br>• Кодекс за корпоративно управување<br>• Кодекс на етика и корпоративни вредности (Code of Ethics) |
| 4 | **Акционери на друштвото и заинтересирани страни (Shareholders and Stakeholders)** |
| 5 | **Одбори на друштвото, состав и структура (Board Role, Board Committees, Composition and Structure)** |
| 6 | **Улога на Управниот одбор/Одбор на директори/управителите и нивните права и надлежности (Directors' Duties and Liabilities)** |
| 7 | **Обелоденување и транспарентност (Disclosure and Transparency)** – поим и обврски кои произлегуваат во поглед на постапување со ценовно чувствителни информации, зделка со заинтересирана страна, внатрешни (инсајдерски) информации, деловна и банкарска тајна и сл. |
| 8 | **Обврски за акционерските друштва кои котираат на берза и друштва со посебни обврски за известување** |
| 9 | **Контрола на финансиските извештаи (Financial Oversight)** |
| 10 | **Политика за наградување (Remuneration) и менаџерски договори** |
| 11 | **Присоединување и спојување на акционерски друштва** |
| 12 | **Поставеност на корпоративното управување кај друштвата за осигурување** |

**Level 2 |**

Модулот 2 ги опфаќа контролните функции во трговските друштва, со определен акцент на работата на внатрешната ревизија(internal audit function), одделот/лицето одговорно за управување со ризиците (risk function) и одделот/лицето одговорно за работење на друштвото во согласност со прописите (compliance function). Посебно предавање за актуарската функција опфатено со предавачи од регулаторот на осигурителниот пазар и експерти од праксата во областа на осигурителниот бизнис.

| CCG&C 2 - Certified Corporate Governance & Compliance , Level 2 | |
|---|---|
| | **опис на час** |
| 1 | **Линии на одбрана (lines of defense) и управување со ризиците (the governance of risk/risk management framework, risk appetite)** |
| 2 | **Прва одбранбена линија (First Line of Defense) – улогата на Управниот одбор, НО и Одборот на директори и раководителите на деловните организациони единици** |
| 3 | **Втора одбранбена линија (Second line of Defense):**<br>• Организациска поставеност, статус и ресурси на функцијата за управување со ризици и нејзина улога и функции (Chief risk officer, role and responsibilities);<br>• Известување за ризиците на кои е изложено друштвото (дали има соодветни извештаи, дали истите се транспаренти, целосни, корисни и навремени извештаи до органите на друштвото);<br>• Функција на усогласеност со прописите (compliance function, role and responsibilities) независност на функцијата, улога и функции-следење на прописите, давање на мислење за нов производ/услуга, известување до високиот менаџмент, проценка на ризици од неусогласеност со прописите, спроведување на контрола (compliance check) и едукација, судир на интереси и корупција и сл.) |
| 4 | **Трета одбранбена линија (Third Line of Defense): Функција на внатрешна ревизија (internal audit) - статус, улога и одговорности, опфат на активности, ревизорски циклус, известување до органите на друштвото** |
| 5 | **Актуарска функција во осигурителните друштва** |
| 6 | **Соработка со другите организациони делови во друштвото, надворешни институции и регулаторни тела** |
| 7 | **Улогата и функцијата на надворешната ревизија** |
| 8 | **Улога и функција на супервизорите** |

**Level 3 |**

Модулот 3 опфаќа постручна обработка на дадени теми кои се поврзани и значајни за добро корпоративно управување од една страна, а од друга страна се важни и карактеристични во времето на засилената дигитална трансформација, појавата на нови финансиски институции во финансискиот пејзаж во земјата, појавата на новите производи и услуги на пазарот, како и новите ризици кои се јавуваат секојдневно како резултатот на новите и модификацијата на постојните производи на пазарот. Во овој дел се обработуваат следните теми: fit& proper критериуми во процесот на лиценцирање на платежните институции, финтек компании и ризици на нивниот бизнис модел, сајбер ризици и осигурување од сајбер ризици, управување со ризикот од перење пари, управување со ризикот од измами, ризици поради користиње услуги од надворешни лица, заштита на личните податоци, електронски документи и електронска идентификација.

Вкупен број на часови: **100**
Настава: **ONLINE платформа за настава во живо на ZOOM.US**
Динамика на обуката:
**Level 1, 2 & 3:** два пати неделно

| | CCG&C 3 - Certified Corporate Governance & Compliance , Level 3 |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | Заштита на лични податоци (Data Protection Officer) и напади во дигиталниот простор (cyber-security) |
| 2 | Fit& proper критериуми во процесот на лиценцирање на платежните институции |
| 3 | Финтек компании и ризици на нивниот бизнис модел |
| 4 | Ризик од перење пари и финансирање на тероризам (AML/CFT Risk Management and FATCA Officer), рестриктивни мерки и методологија за процена на ризик на ниво на друштво |
| 5 | Ризици поврзани со користење услуги од надворешни лица (Outsourcing risk) |
| 6 | Управување со внатрешни и надворешни измами (Fraud Prevention/Management); |
| 7 | Управување со правен ризик кај банките, финансиските друштва и осигурителните компании (Legal risk management) |
| 8 | Управување со поплаки на клиенти (Complaints management) и заштита на потрошувачи (consumer protection); |
| 9 | Корпоративно управување и новите технологии (Corporate Governance and Blockchain technology) |
| 10 | Е-управување, електронска идентификација, потпис и документација |